**КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА SMS СИЛК РОУД БАНКАРСТВО**

1.Општи одредби

1.1. Со Општите услови за користење на услугата SMS банкарство (во понатамошниот текст: Општи услови) се регулираат сите видови на услуги, начин и услови на користење на SMS услугата на СИЛК РОУД БАНКА АД Скопје (во понатамошниот текст: Банка) и се дефинираат правата и обврските за користење на услугата SMS (во понатамошниот текст: SMS услуга).

1.2. SMS услугата е информациски сервис на Банката, кој им овозможува на корисниците на дебитните платежни картички (Visa point и AMEX point) издадени од Банката да добиваат SMS известувања на својот мобилен телефон:

- АТМ подигнување,

- ПОС трансакции и

- Интернет трансакции

2. Корисници на SMS банкарство Корисник на SMS услугата може да стане секој клиент физичко лице кое: е корисник на дебитна картица (Visa point и AMEX point) - има отворено трансакциска сметка, - има доставено Барање за користење на SMS услуга и ги прифаќа Општите услови за користење на услугата SMS, - поседува мобилен телефон во мрежата на овластените мобилни оператори на територијата на Република Македонија.

3. Договарање на услугата

3.1. Банката ќе му овозможи на Корисникот на услугата, користење на сите услуги кои се нудат со SMS услугата, корисникот се согласува да ги добива и сите други бесплатни известувања за кои Банката не наплатува надомест.

3.2. Корисник на SMS услугата може да стане секој клиент на Банката кој ќе пополни и потпише Барање за користење на SMS услуга за физички лица.

3.3. Со потпишување на Барањето, прифаќање на Општите услови, како и одобрувањето на Барањето од страна на Банката, се склучува договорен однос помеѓу Банката и Корисникот на услугата.

3.4. Корисникот на услугата со својот потпис на Барањето потврдува дека е запознаен со Општите услови и без приговор ја прифаќа нивната примена на овој договорен однос.

4. Карактеристики на SMS услугата

4.1. Услугата SMS банкарство е информациска услуга на Банката, која на Корисникот му овозможува преку SMS известување испратено на неговиот мобилен телефон, кој го пријавил во Банката, добивање на информации за промените (АТМ подигнување, ПОС трансакции и Интернет трансакции), односно за секоја трансакција на дебитните картичка издадена од страна на Банката.

5. Надоместок за SMS услугата

5.1. Корисникот е согласен Банката да му наплатува надомест за користење на SMS услугата во согласност со Одлугата за Тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Силк Роуд Банка АД Скопје. Надоместокот ќе се наплатува на почетокот на секој месец со задолжување на трансакциската сметка на корисникот на услугата, за испратени SMS пораки во текот на претходниот месец. Доколку корисникот на услугата нема доволно средства на својата трансакциска сметка, согласен е Банката, без претходна најава, за наплата на своите побарувања по основ на надоместок за користење на SMS услугата, да ги употреби постоечките средства на корисникот во Банката по сите основи или тековните и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката.

9. Политика на Банката

9.1 Банката може во согласност со својата деловна политика да ги промени условите за користење на SMS услугата, при што е должна да го запознае Корисникот со измените.

| СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ | ПОТПИС НА КОРИСНИКОТ |
| --- | --- |
| ____________________________ | ____________________________ |